# ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# 2024-2027

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRENGTHENING RESOURCE MOBILIZATION ACTIVITY

Проект за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите

Projekt për përforcimin e kapaciteteve për shfrytëzim të resurseve

**СОДРЖИНА**

ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

1. ВОВЕД НА ПЛАНОТ

2. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

3. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА

3.2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

3.3.БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

3.4.ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

3.5.ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

3.6.РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

3.7.ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ,ИНКЛУЗИВНОСТ

3.8.НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

4. АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ, СЛАБИ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ ( SWOT)

5. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

6. АКЦИСКИ ПЛАН

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| УСАИД | Агенција за Меѓународен Развој на Соединетите Американски Држави |
|---|---|
| ЕУ | Европска унија |
| ЛС | Локална самоуправа |
| СИПР | Североисточен Плански Регион |
| ЛЕС | Локален економски совет |
| НВО | Невладина организација |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ЕБОР | Европска Банка за Обнова и Развој |
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АППТ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| АПРЗ | Агенција за потикнување на развојот на земјоделието |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| ФИТР | Фонд за иновации и техолошки развој |
| ИПА | Иструмент за предпристапна помош |
| ИПАРД | Иструмент за предпристапна помош за рурален развој |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство ,шумарство и водостопанство |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| БРР | Биро за регионален развој |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| УПС | Урбанистички план за село |
| ЛУПД | Локална урбанистичка планска документација |
| НКД | Национална класификација на дејности |



Почитувани,

Планирањето е процес на создавање на сопствената иднина и претставува фундамент кој ги дава идните насоки за развој на општината. А одговорноста да се води овој процес стои пред мене, како градоначалник на општина Крива Паланка, како и пред членовите на Советот на општината и целата општинска администрација.

Планирањето на локалниот економски развој е приоритетна и законска обврска на секоја локална самоуправа, и затоа Општина Крива Паланка го изработи Планот за Локален економски развој за периодот 2024-2027, со поддршка и покровителство од УСАИД во рамки на проектот „Зајакнување накапацитетите за искористување на ресурсите“.

Со Планот за Локален економски развој, јасно го дефинираме развојниот пат на општината, врз база на сеопфатни анализи на податоци и документи. Направивме проекција и практично дефинирање и конкретизирање на идните проекти, кои ќе овозможат продолжување на економскиот развој и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните, подигање на услугите, привлекување на нови инвестиции, воспоставување на партнерски односи со постоечките економски оператори, потикнување на претприемништвото и развој на локалната економија според европските и светските стандарди.

Искрено се надевам, дека со заеднички напори, ќе продолжимеда го следиме патот на постојан раст и развој на нашата заедница, потпирајќи се на соработката и поддршката од страна на јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество и верувам во остварувањето на заедничката визија за подобра иднина на секој граѓанин на општина Крива Паланка.

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ**

Планот за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027 е изработен во рамки на проектот „Зајакнување накапацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е и поддршка за подготовка на нови или ажурирање на постоечки планови/стратегии за период од 4 години. Општина Крива Паланка учествуваше во циклус од 4 обуки на кои беше претставена методологијата за изработка на плановите, како и структурата и содржината на истите.

Планот е развиен во партнерство на општинската администрација од Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија со претставници од бизнис секторот, како и претставници од граѓанскиот сектор.
Овој документ е самостоен и не претставува дел од некоја стратегија на општината или од некој друг документ.

Во процесот на изработка на Планот за локален економски развој од страна на тимот составен од горенаведените претставници, а под менторство на експертите ангажирани од страна на донаторот, беше изготвена анализа на локалната економија, SWOT анализа,утврдена визија на општината и стратешки цели од кои произлезе Акциониот план со предложени активности и финансиска конструкција.

Планот за локален економски развој на општина Крива Паланка 2024-2027 се базира на анализа на податоци добиени од релевантни институции и општински бази на податоци, како и анализа на документи врз основа на кои се дефинирани можностите за економски развој на општината. Врз основа на анализата на слабостите и заканите (СВОТ анализа) , е предложен план на активности со цел интензивирање на локалниот економскиот развој и унапредување на социо – економската благосостојба на граѓаните на општината.

Целта на планот е оптимизација на искористувањето на локалните ресурси и се фокусира на ефикасната и одржлива употреба на ресурсите кои се достапни во дадена локална заедница. Меѓу нив се развојот на локалните бизниси преку поддршка на мали и средни претпријатија, индивидуални селски стопанства, земјоделски задруги и друго, како можност да ја стимулира локалната економија и да креира нови работни места. Ова е важно за економскиот и социјалниот развој на општината, како и за поширокиот регион.

Соработка и партнерства помеѓу локалните власти, приватниот сектор и цивилните организации ќе допринесе кон подобро искористување на ресурсите и за подобро решавање на проблемите на заедницата.

Максимизација на локалните ресурси не само што може да ја подобри економската состојба на локалната заедница, туку ќе влијае и на квалитетот на животот на локалните жители, а ќе придонесе и за одржлив развој што е и основната цел на овој документ.

## 1. ВОВЕД НА ПЛАНОТ

Општина Крива Паланка е една од општините во која се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е да се обезбеди поддршка на општините да ги развијат или ревидираат своите планови/стратегии за ЛЕР и да ги развијат или зајакнат своите технички вештини за ефикасно спроведување.

На покана на претставниците од УСАИД, во октомври 2022 година, претставници од општинската администрација од општина Крива Паланка учествуваа на информативна сесија на која беше презентиран Прирачникот за структурата и содржината на Плановите за локален економски развој .

Општина Крива Паланка имаше потреба од изготвување на План за локален економски развој бидејќи последната Стратегија за локален развој е за периодот 2015-2020 година. Овој план е целосно самостоен нов документ и не е дел од други стратешки планови на општината и национални документи.

Неговиот фокус е насочен кон економскиот развој, со приватниот сектор како двигател на растот, развојот и вработеноста и не опфаќа други области како образование, здравство, социјала и др. Планот преставува важна основа за аплицирање на проекти.

Целиот процес на подготовка на Планот е развиен во партнерство на претставници од општинската администрација со претставници од бизнис секторот и НВО. При изработка на Планот се следеше однапред утврдената методологија развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (М4ЕГ) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербеџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

## 2. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Процесот на изработка на документот е во согласност со Упатство за структурата и содржината на плановите за локален економски развој, подготвено со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите". Упатството е базирано на методологијата развиена од страна на проектот „Градоначалници за економски раст" (M4EG), финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Согласно применетата методологија за развој на планови за ЛЕР, активностите за изработка беа фокусирани на клучните „елементи" („структурни елементи") на прашањата, кои што се основни локални предуслови за раст на приватниот сектор и отворање нови работни места.




Така наречените "Градежни блокови" или структурни елементи се претставени сликовито и ја покажуваат меѓусебната поставеност во функција на локалниот економски развој.

Планот за Локален економски развој е развиен со заедничка вклученост на тим од претставници од Општина Крива Паланка, по еден претставник од НВО и двајца претставници од бизнис секторот. Процесот на подготовка на планот беше организиран преку неколку работни средби и консултации со НВО и бизнис секторот на кои се анализираа посебните градежни блокови, се пополнуваа прирачниците и се

извлекуваа заклучоци, се дискутираше за локалната економија, за моменталната состојба, за слабите и јаките страни, визијата, стратешките цели и Акцискиот план.

Првичната работна верзија беше дадена на увид на експертите од Проектната единица од донаторот кои што го водеа процесот на обуки, истиот беше презентиран и пред Локалниот економски совет, а финалниот текст беше доставен до Советот на Општина Крива Паланка за негово усвојување.

## 3. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

### 3.1. Анализа на локалната економска структура

Оваа анализа може да биде во функција на анализа на конкурентноста, но и како основа за идентификување на трендови и предвидувања, како и на ризици и можности за развој на локалната економија. Од аспект на трендовите, со вкрстување на податоците и заклучоците од овој документ, а земајќи ги во предвид тенденциите во регионот и на глобално ниво, како и локалните потреби на заедницата, можат да бидат изведени заклучоци кои преточени во конкретни активности ќе придонесат за стабилен и интензивен развој на локалната економија.

Структура на деловни субјекти во Општина Крива Паланка

| Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев. 2, по општини, по години, состојба 31 декември | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023<br>Број и % на компании (според класификација) | | | | |
| | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
| Крива Паланка | 555 | 400 ( 72% ) | 154 ( 27,7%) | 1 (0,2 %) | |

Од табелата може да се види дека во Општина Крива Паланка има вкупно 555 активни деловни субјекти од кои најголем број се микро компании според класификацијата - 400 или изразено во проценти 72%, 154 се мали или 27,7% и 1 средна компанија или 0,2%. Рудникот Тораница според класификацијата е средна компанија и е наголем работодавец во општината.

| **Вид на економска активност** | |
|---|---|
| **Вкупно** | **555** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 13 |
| Рударство и вадење на камен | 1 |
| Преработувачка индустрија | 64 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 2 |
| Градежништво | 32 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 231 |
| Транспорт и складирање | 33 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 43 |
| Информации и комуникации | 5 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 3 |

| | |
|---|---|
| Стручни, научни и технички дејности | 32 |
| Административни и помошни услужни дејности | 4 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 |
| Образование | 10 |
| Дејности на здравствена  и социјална заштита | 22 |
| Уметност, забава и рекреација | 11 |
| Другиуслужнидејности | 45 |

Во структурата на економијата од стопанските сектори најзастапени се трговијата, текстилната индустрија(производство на работна, професионална и заштитна работна облека, спортска облека и училишна опрема), кожна индустрија (производство на чевли), производство и преработка на пластични маси, градежништво, преработка на метал, угостителство и земјоделство. Во делот на рударството се вбројува рудникот Тораница кој се наоѓа на 24км. од Крива Паланка каде се врши ископ и експлоатација на олово и цинкова руда.

### 3.2. Локална соработка и вмрежување

Проценката на локалната соработка се врши со цел да се разбере степенот на соработка и координација помеѓу различните организации, институции и засегнати страни во локалната заедница. Оваа евалуација е важна за да се идентификуваат силните и слабите страни на соработката и да се предложат подобрувања и мерки за зајакнување на соработката.

Еден од важните фактори во развојот на локалната соработка е идентификација на локалните актери за соработка, вклучувајќи ги владините институции, локалните власти, бизнис секторот, невладините организации, образовните институции и другите засегнати страни.

Во насока на развој на локалната соработка, а со цел подобрување на комуникацијата со приватниот сектор,Општина Крива Паланка има формирано Локален економски совет (ЛЕС) составен од претставници на локалната бизнис заедница и општинската администрација, со кој претседава градоначалникот на општината кој именува секретар. ЛЕС има усвоено деловник за работа според кој се раководи во своето функционирање. Оваа советодавно тело се свикува по барање на општината и на бизнис секторот.

Општината организира информативни состаноци и презентации на разни теми од интерес за локалната заедница на кои учество земаат граѓаните,  НВО и бизнис секторот.

Воспоставена е соработка со бизнис секторот за изведување на практична работа на ученици од средното општинско училиште кои се вклучени во дуалното образование.

Во однос на локалната соработка и вмрежување, како силна страна може да се посочи и воспоставената соработка со Општина Ранковце во делот на противпожарната заштита.

Во Општина Крива Паланка постои практика при процесот на донесување на буџетот за наредната година да се одржува буџетски форум на кој се повикуваат претставници од приватниот сектор и НВО секторот, со цел партиципативно учество во донесувањето на одлуки и креирањето на локалните политики. Истото се практикува и при организирање на други видови на форуми за партиципативно граѓанско и бизнис учество.

Општина Крива Паланка активно соработува и со Центарот за развој на Североисточниот плански регион при изработка на Програмата за развој на планскиот регион, при огранизирање на регионални форуми и тоа како со свои претставници, така и со претставници од НВО и приватниот сектор.

Општината соработува и со Агенцијата за вработување преку разни форми на информирање за активните мерките, услугите и програмите што се нудат во оперативните планови, со цел намалување на невработеноста во општината .

Определени слабости се нотирани од аспект на недостаток на здружување од страна на бизнис заедницата и другите чинители, како на пример, непостоење на здружение на локалните бизнисмени, локална бизнис комора или други асоцијации на економски гранки како асоцијација на туристички работници, асоцијација на земјоделци и друго.

Исто така, слаба страна или отсуство на активност се нотира и во однос на синдикалното здружување по економски гранки.

Слаба страна е и слабиот интерес за воспоставување на јавно-приватно партнерство, односно вмрежување на јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

Општина Крива Паланка прави напори за подобрување на соработката со сите институции во општината , настојува заеднички да спроведува проекти , да креира синергија и успешно да ги реализира своите таргети.

### 3.3. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Деловното опкружување, транспарентноста и администрацијата без корупција се од суштинско значење за здравото функционирање на економијата и општеството во целина. Тие создаваат услови за одржлив економски раст, овозможуваат и олеснуваат инвестиции, ја подобруваат деловната клима и обезбедуваат правичност и еднаквост.

Деловното опкружување се однесува на сите фактори и услови кои влијаат на средината во која работат бизнисите. Ова ги вклучува и внатрешните и надворешните фактори кои можат да имаат влијание врз успехот и перформансите на претпријатието.

Општина Крива Паланка континуирано работи на унапредување на транспарентноста следејќи ги највисоките стандарди предвидени со Кодексот за

транспарентност на локално ниво предложен од страна на УСАИД, согласно кој се организира и уредува општинската веб страна www.krivapalanka.gov.mk.

Општинската веб страна, освен информирање, нуди и голем сет на податоци и услуги кои се во прилог на транспарентноста, одговорноста, отчетноста и отвореноста.

На својата веб страница Општина Крива Паланка ги објавува буџетот, јавните набавки, годишните програми , извештаите, завршните сметки , записниците од седниците на Советот, разни соопштенија и други информации кои се на располагање на приватниот сектор и граѓаните.

Информирањето во населени места се одвива и преку објави на огласни табли или преку редовна или електронска пошта.

Седниците на Советот на Општината се отворени за јавноста и истите директно се пренесуваат преку страницата на општината и на Facebook.

Општината, на чело со градоначалникот и вработените во одделенијата, во своето секојдневно работење остварува редовни контакти со граѓаните, како и посети во нивните средини .

Општина Крива Паланка редовно ги издава потврдите на бизнис заедницата во врска со ИПАРД програмата што е поврзано со стратешките документи на општината и со проектите со кои правните и физичките лица аплицираат.

Општина Крива Паланка максимално се залага за брза и ефикасна услуга и излегување во пресрет на бизнис секторот и можните инвеститори ( излегување во пресрет во рамки на законите и можностите ).

Слаба страна на Општината е неможноста за целосно задоволување на потребите на бизнис заедницата, како што се донесување на урбанистички планови за населени места и обезбедување на комунална инфрструктура.

### 3.4. Пристап до финансии

Пристапот до финансии е една од клучните алатки за економскиот раст на компаниите и на економскиот развој на општината.

Компаниите за да ги финансираат деловните активности можат да користат различни видови на финансиски посредници, инвеститори или друг тип на организации.

Во Општина Крива Паланка свои експозитури имаат НЛБ Тутунска Банка А.Д. Скопје,(www.nlbtb.com.mk), Стопанска Банка А.Д. Скопје(www.stb.com.mk), УНИ Банка А.Д. Скопје(www.unibank.com.mk) и Централна Кооперативна Банка А.Д. Скопје (www.ccbank.mk), кои имаат свои кредитни линии, а одобрувањето зависи во голема мера од бонитетот на претпријатието.

Деловната зедница во општина Крива Паланка има пристап и до други извори на финансирање и преку следниве институции:

1. Европска Банка за Обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyrmacedonia.html).Банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го моблизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија.

2. Агенција за поддршка на претприемништво на Р. С. Македонија (АППРСМ), (www.apprm.gov.mk) , која се стреми кон спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро , малите и средни бизниси и промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски фоми на поддршка.Финансиските форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство се: кофинансирање договорени проекти за потребите на Агенцијата кои се сроведуват преку институционалната инфраструктура на претприемачки центри; кофинасирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори; кофинансирање посдипломски студии од областа на претприемништвото.

3. Агенција за вработување на Р.С. Македонија (АВРСМ), (www.avrm.gov.mk), нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица,туку и на малите и средни компании од Општина Крива Паланка. АВРСМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија како занаетчии за отварање на нови работни места.

4. Министерството за економија, (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и средните компании.
Некои од значајните програми кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија, вклучително и тие од Општина Крива Паланка се:
Програма за конкурентност, иновации и претприемнштво.

5. Министерство за финансии(www.finance.gov.mk). Најважен сектор за финасии и за малите и средните претпријатија , за Општина Крива Паланка е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).

6.Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ), (www.tourismmacedonia.gov.mk). Главните надлежности на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот поврзани со работењето на МСП од областа на туризмот, се: Активно унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување на анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар; Подготвување и реализација на програмата и обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности; Формирање и развивање единствен туристичко-информативен систем и негово поврзување со други информативни системи; Активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на

Република Македонија во земјата и во странство и соработување со светски познати тур оператори за привлекување на што поголем број туристи; Поттикнување координирање на сите туристички организации, комори, асоцијаци, и здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството, со цел унапредување и промоција на туризмот; Иницирање и насочување меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка за промоција на туризмот; Учествување во привлекување инвестиции во туризмот во Р.С. Македонија.

7. Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) , (www.fondzainovacii.mk). ФИТР ги остварува целите за малите и средните претпријатија од сите региони преку следните инструменти: Кофинансирани грантови за старт ап; Спин-оф трговски друштва и иновации; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кориснички грантови за трансфер на технологии; Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори; Техничка помош за компании и Еквити и мезанин инвестиции.

8. Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделието (АПРЗ), (www.agencija.gov.mk), нуди низа услуги за МСП од областа на земјоделието.

9. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) (www.ipardpa.gov.mk), овозможува успешно управување со финансиските средства од Буџетот на РСМ, како и со средствата од претпристапната помош на Европската унија, особено за руралниот развој преку ИПАРД програмата, притоа нудејќи поддршка на земјоделските стопанственици и бизнис секторот.

10. Interreg VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021 – 2027, во рамките на Територијалната стратегија на програмата. За прв пат малите и средни претпријатија имаат можност да земат учество на повикот и да аплицираат со проектни концепти кои придонесуваат за постигнување на специфичната цел 1.2. „Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелигентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“ на Територијалната стратегија.

Специфичната цел 1.2 се заснова на следните туристички области на интервенција:

- Мобилност и поврзување, вклучително и алтернативна мобилност;
- Брендирање и маркетинг на туристички производи во прекуграничниот регион;
- Зголемување на вработеноста во туристичкиот сектор и зајакнување на врските меѓу туризмот и природно-културните локалитети;
- Активности за намалување на ранливоста на услугите во туристичкиот сектор.

Слабости во овој сектор се крутите политики на банките и фактот што експозитурите на банките неможат да одобрат кредити за издржани бизнис планови, поради тоа што одобрувањето се врши во главните банки кои се во Куманово или Скопје.

Согласно наведеното, може да се констатира дека е потребно да се интервенира на полето на зголемување на информираноста на локалниот бизнис сектор за можностите за финансирање на нивните бизнис идеи и интензивирање на соработката со субјектите кои нудат финансиски средства за финансирање на локалните бизниси.

**3.5. Земјиште и инфраструктура**

Општина Крива Паланка го донесе Генаралниот урбанистички план за период од 2019 до 2029, што претставува силна страна на општината.

Генералниот урбанистички план зафаќа површина од 659 хектари (целосно ја опфаќа површината на КО Крива Паланка и делови на КО Конопница, КО Градец , КО Варовиште,КО Кошари, КО Дурачка Река, КО Мартиница, КО Дрење и КО Лозаново). Во ГУП-от е внесена примарната инфраструктура која се наоѓа во опфатот како што е трасата на железничката пруга, трасата на дел од Коридорот 8 од автопатот, трасите на гасоводот и високонапонска електрична мрежа, трасата на колекторите за водовод и канализација, како и трасата за регулација на Крива Река, Дурачка Река и пороите што влегуваат во опфатот на планот. Во ГУП, покрај другото, се додадени општи и посебни услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански услови за детално планирање на просторот, стратегиска процена на влијание врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнување и други податоци за планските решенија.

Покрај ГУП–от општината има донесено и ДУП-ови кои се со важност до донесување на нови, а донесена е и ЛУПД со разработен УП за хотелски комплекс на Калин Камен. За поедини села има донесено и општи акти. Во Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година се планира постапка за донесување на урбанистички план за с. Градец .

Општината има државно земјиште кое може да се понуди на продажба со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (локација м.в. Карпош и м.в. Грамаѓе) и намена Б2-хотел (локација Калин Камен -Езерце). Во ГУП, како и во општите акти за село Конопница и село Мождивњак, исто така, има предвидено земјиште за развивање на лесна индустрија.

Во Општина Крива Паланка неактивните училишни згради , помошни објекти , задружните домови кои со делбениот биланс помеѓу Републиката и општините се пренесени во сопственост на општината ( Службен весник на РМ бр. 15 од 2000 ) ,можат да се издаваат на физички и правни лица. И во градот Крива Паланка постојат неколку објекти кои се во спственост на општината и истите можат да се издаваат на правни и физички лица.

Слаба страна е тоа што објектите се стари и за нив е потребна реконструкција и преадаптација

Важечки ГУП



### 3.6. Регулаторна и институционална рамка

Регулаторната и институционалната рамка играат клучна улога во влијанието на локалниот економски развој. Овие два аспекта обезбедуваат амбиент и услови кои можат да ги стимулираат или ограничат инвестициите, иновациите и општата економска активност на локално ниво.

Законите и регулациите кои ги има државата можат да имаат директно влијание врз начинот на функционирање на бизнисите во општините. Ако регулативите се комплексни и нејасни, тоа може да создаде пречки за стартување и развивање на бизниси. Добрата регулаторна рамка која ги стимулира претприемништвото и инвестициите може да придонесе за економскиот раст на општините. Единиците на локална власт не располагаат со силни механизми со кои можат да влијаат на процесите на изготвување и донесување на законите, туку исклучиво на нивна доследна примена , како и да влијаат на квалитетот и времето за исполнување на услугите и надлежностите што законите и ги даваат на локалната самоуправа.

Прекумерната бирократија и прекумерните административни пречки може да ги ограничат и демотивираат новите претприемачи и да ги зголемат трошоците за бизнисите. Добро изработените и ефикасни регулаторни рамки, пак, можат да стимулираат сигурност и да го олеснат функционирањето на бизнисите.

Во насока на олеснување на фунционирањето на бизнисите, силна страна на општината е воспоставениот едношалтерски систем, како и достапност на општинските услуги на општинската веб страна со објаснување за постапката и потребните формулари за аплицирање за конкретната услуга.

Пријавата за упис на друштвото со сите потребни документи се доставува до Централниот регистар, директно или по електронски пат,а регистрацијата оди преку овластени регистрациони агенти или самостојно доколку се поседува дигитален сертификат. Постапката се состои од 3 чекори:

1. Обезбедување сертификат,
2. Подготовка на документацијата и
3. Поднесување на пријавата.

Регистрацијата се врши без никакви трошоци кон Централниот регистар или кон регистрациониот агент.

Според мислењето на претставниците на бизнис секторот, најголем проблем е да се поминат обемните процедури за добивање одобрение за градба. Иако постапката за добивање на одобрение го води Одделението за урбанизам и се издава електронски, тоа е во координација и со други општински и државни институции каде понекогаш може да се појави проблем. За секое поединечно одобрение е потребно време, а за разгледувањето на барањето за градба не се врши истовремено од повеќе институции, туку едно по друго, чекајќи го резултатот од претходното разгледување.

Исто така, проблем претставуваат  и скапите и долги процедури за донесување урбанистичко-планска документација кои значително го успоруват економскиот развој на општината.

Врз основа на извршените консултации со претставници на бизнис секторот на локално ниво, нотирано е дека постои простор за подобрување на бизнис климата во општината преку донесување на урбанистички планови, кои освен останатите намени ќе содржат и локации наменети за бизнисите.

### 3.7. Вештини и човечки капитал, инклузивност

Во Општина Крива Паланка има две основни училишта  - ООУ „Јоаким Крчовски“ со 8 подрачни училишта распоредени во следниве населени места: с. Дурачка Река, с. Луке, с. Огут, с. Нерав, с. Подржиконь, с. Дубровница, с. Узем и с. Жидилово и ООУ „Илинден“ со 3 подрачни училишта распоредени во следниве населени места: Конопница , Мождивњак 1 и Мождивњак 2.  Функционира и  едно средно општинско училиште „СОУ Ѓорче Петров “, кое нуди гимназиско образование (општа и природно-математичка гимназија) и стручно образование (машинска, угостителско-туристичка, електротехничка струка и медицински сестри– медицински техничари). Од предучилишното образование, постои една детска градинка, ОЈУДГ „Детелинка“, формирана во 80-тите години, која располага со три објекти во Општина Крива Паланка  а во нив се згрижени 319 деца. Општинта располага и со Дом за ученици „Боро Менков“во кој се сместени деца од руралните населени места.

Врз основа на контактите со претставниците од приватниот сектор беше констатирано дека има големо несовпаѓање помеѓу  понудата и побарувачката на работна сила,  пред се, квалификувана работна сила.

Еден од главните проблеми во бизнис секторот е недостаток на квалификувана работна сила  како и незаинтересираност на младите лица за работа во текстилната индустрија, кожна индустрија и други производни гранки.Како резултат на тоа се вршат внатрешни обуки од страна на самите вработени со преквалификација на постоечките работни места.

Образовниот систем  и пазарот на трудот не содејствуваат со реалните потреби на бизнис секторот а проблем е  и  незинтересираноста на младите за струките кои се потребни на локалните економски сектори во општината.

Исто така,средношколците по завршување на своето образование ја напуштаат општината барајќи работа во главниот град или во странство.Поголем дел од работоспособното население ја напушта општината и одлучуваат да започнат со работа во главниот град или во странство.Недостатокот од квалификувана работна сила е поради миграцијата која се случува во последните години пред се на високо образовниот кадар.

Со цел да се помогне на бизнис секторот во однос на побарувачката на кадри потребно е во иднина да се следат програмите и обуките што ги нуди АВРСМ за

преквалификација и доквалификација на кадрите според потребите на пазарот на трудот.

ПРЕГЛЕД НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

Според податоците од Агенција за вработување во Општина Крива Паланка има 1.675 невработени лица.

| Општина Крива Паланка | Вкупно | | Од 15-19 | | Од 20-24 | | Од 25-29 | | Од 30-34 | | Од 35-39 | | Од 40-44 | | Од 45-49 | | Од 50-54 | | Од 55-59 | | 60 год и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| Македонци | 1589 | 916 | 17 | 5 | 91 | 47 | 106 | 69 | 151 | 102 | 139 | 92 | 152 | 89 | 177 | 106 | 225 | 140 | 301 | 185 | 230 | 81 |
| Роми | 80 | 39 | 1 | 1 | 2 | 0 | 4 | 2 | 3 | 1 | 9 | 4 | 12 | 6 | 15 | 7 | 8 | 3 | 13 | 8 | 13 | 7 |
| Срби | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Други националности | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1675** | **960** | **18** | **6** | **93** | **47** | **110** | **71** | **154** | **103** | **148** | **96** | **166** | **97** | **192** | **113** | **235** | **144** | **314** | **193** | **245** | **90** |

Извор на подароци: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, состојба 31.07.2023 година

Преглед на невработени лица според степен на образование

| Општина | Вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | ВИШЕ СО | | ВИСОКО СО | | Магистри | | Доктори | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| **Вкупно** | **1675** | **960** | **577** | **317** | **38** | **10** | **327** | **167** | **0** | **0** | **627** | **390** | **14** | **9** | **90** | **65** | **2** | **2** | **0** | **0** |

Извор на подароци: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, состојба 31.07.2023 година

Од регистрираните 1.675 невработени лица во Општина Крива Паланка, 960 се жени или 57,31%, а 715 се мажи или 42,69%.

Од аспект на образованието, поголем процент се со средно образование, вкупно 627 или 37,43%.

Населението по пол и по петгодишни групи на возраст во Општина Крива Паланка

| Возраст - години | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 0 – 4 | 606 | 305 | 301 |
| 5 – 9 | 807 | 429 | 378 |
| 10 – 14 | 850 | 439 | 411 |
| 15 – 19 | 904 | 455 | 449 |
| 20 – 24 | 927 | 496 | 431 |
| 25 – 29 | 960 | 506 | 454 |
| 30 – 34 | 1.150 | 643 | 507 |
| 35 – 39 | 1.247 | 665 | 582 |
| 40 – 44 | 1.368 | 737 | 631 |
| 45 – 49 | 1.283 | 716 | 567 |
| 50 – 54 | 1.281 | 650 | 631 |
| 55 – 59 | 1.433 | 774 | 659 |
| 60 – 64 | 1.503 | 757 | 746 |
| 65 – 69 | 1.459 | 719 | 740 |
| 70 – 74 | 1.141 | 568 | 573 |
| 75 – 79 | 594 | 257 | 337 |
| 80 – 84 | 346 | 128 | 218 |
| 85 и повеќе | 200 | 58 | 142 |
| Вкупно | 18.059 | 9.302 | 8.757 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021

Од направената анализа на населението според пол и различни возрасни групи, заклучокот е дека е евидентно стареење на населението во општината.

### 3.8. Надворешно позиционирање и маркетинг

Според географската положба Општина Крива Паланка се наоѓа во Североисточниот дел на Република Северна Македонија.Зафаќа појас на две гранични линии, на север граничи со Република Србија , а на североисток со Република Бугарија.Преку граничниот премин Деве Баир се поврзува со Ќустендил и со аеродромот во Софија оддалечен само 140км.

Сообраќајно Крива Паланка од Куманово е оддалечена 62 км, од градот Скопје 98км и 80км од аеродромот во Скопје. На исток се граничи со Општина Ранковце, а на југ со општините Кратово, Кочани и Македонска Каменица.

Преку Кратово Општина Крива Паланка се поврзува со Источниот регион на Република Северна Македонија.

Крива Паланка е дирекно лоцирана на Коридорот Е-8 кој ја поврзува Азија со јужниот дел на Балканскиот Полуостров.

Добрата поврзаност на општината нуди голема предност за локалната економија од аспект на трговски врски, транспорт и туризам. Инвестирањето во развој на сообраќајна инфраструктура (патен и железнички сообраќај, како и локална патна мрежа) дополнително ќе дадат силен поттик за нови инвестиции што ќе резултира со интензивирање на економскиот развој.

Општина Крива Паланка изобилува со природни и културни вредности кои се всушност најголемиот потенцијал за развој на туризмот како важен двигател на економскиот раст.Од природните атрактивности се издвојуваат Осоговските Планини кои нудат одлични услови за развој на туризмот, а особено внимание привлекуваат атрактивните локалитети Калин Камен (1817м.н.в.), Царев Врв (2085м.н.в.)и Руен (2.252м.н.в.).Со оглед дека дел од Осоговието е прогласено за заштитен предел постојат добри можности за органско производство и брендирње на некои производи.Значајна природна атрактивност се и Станечките водопади .

На територијата на Општина Крива Паланка има регистрирано и вредни археолошки локалитети кои датираат од различни периоди, но се малку истражени. Меѓу културно-историските споменици се издвојува манастирот Св. Јоаким Осоговски кој се наоѓа на околу 3 км североисточно од градот.Отворен е за верници и посетители кои доаѓаат да се поклонат пред моштите на Св. Јоаким Осоговски и Св. Јоаким Крчовски. Во манастирскиот комплекс се наоѓа и црквата Мала Богородица, како и неколку конаци кои нудат престој на гостите и ресторан со широка понуда од автентични јадења.

Во културно историското наследство на Крива Паланка се вбројуваат и црквите, испосницата на Св. Јоаким Осоговски во с. Градец како и голем број споменици од поновата историја.

Како локална институција функционира и Градскиот музеј Крива Паланка кој е формиран во октомври 2011 година. Музејот располага со постојана етнолошка , историска и археолошка поставка, која го претставува наследството на градот.

Традиционалните културни манифестации како што се Културно лето , Меѓународен фолклорен фестивал, Џој фест, Меѓународен театарски фестивал и други настани, привлекуваат голем број посетители од градот и од странство.

Градот е познат и по уреденоста, зеленилото и чистотата на централното градско подрачје каде постојат атрактивни плоштади , уредено речно корито, пешачки патеки и спортски терени.

Од горенаведеното може да се заклучи дека од значење за локалниот економски развој е добрата поврзаност и близината со граничниот премин Деве Баир со Р.Бугарија, како и поврзаноста со Р.Србија, кои нудат голема предност за локалната економија од аспект на трговски врски, транспорт и туризам. Инвестирањето во развој на сообраќајната инфраструктура (патен и железнички сообраќај, како и локална патна

мрежа) дополнително ќе дадат силен поттик за нови инвестиции што ќе резултира со интензивирање на економскиот развој.

Инвестирањето на општината во урбанистички планови ќе придонесе за создавање на предуслови за развој на лесна незагадувачка индустрија, што во комбинација со добрата сообраќајна поврзаност ќе ја претвори Крива Паланка во атрактивна дестинација за инвестирање.

Исто така, добрата поврзаност на Општина Крива Паланка во комбинација со атрактивната ридско-планинска структура на релјефот претставуваат клучни фактори за развој на туризмот.

Слаби страни , пак се недостиг од сместувачки капацитети, недоволно изградена комунална инфрструктура до туристичките локалитети, како и недоволно промовирање на општината како туристичка дестинација со оглед на потенцијалот со кој располага

Со цел зголемување на интересот на потенцијалните инвеститори, но и на потенцијалните туристи, потребна е изработка и импелементација на маркетинг стратегија која ќе придонесе за подобра промоција на можностите за инвестирање во Крива Паланка како и за промоција на локалната туристичка понуда.

Целта на ОПштина Крива Паланка е да се придонесе кон унапредување на условите за економски развој, а воедно и да се изгради и позитивен имиџ за општината.

## 4. АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ, СЛАБИ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ ( SWOT)

Во наредната табела претставени се силните и слабите страни, како и можностите и заканите за локалниот економски развој на Општина Крива Паланка.

| <u>СИЛНИ СТРАНИ</u><br><br><u>STRENGTHS</u> | <u>СЛАБИ СТРАНИ</u><br><br><u>WEAKNESSES</u> |
|---|---|
| • Геостратешка положба на Крива Паланка (Коридор 8)<br>• Природни богатства - шуми,богат биодиверзитет со ретки видови на животински и растителен свет, реки, водопади, заштитено подрачје (Осоговие), планинарски и рекреативни патеки<br>• Еколошки чист регион<br>• Рудни богатства на олово и цинк,антимон, злато, сребро и сл.<br>• Близина на два меѓународни арeродроми-Скопје и Софија | • Неизработена планска документација<br>• Недостиг на градежно земјиште<br>• Недоизградена патна инфраструктура (железница, автопат, локална патна мрежа)<br>• Неискористени туристички потенцијали<br>• Одлив на кадри од општината<br>• Неусогласена квалификација на работната сила со потребите на пазарот<br>• Недостаток на квалификувана работна сила<br>• Незаинтересираност на младите лица за работа во текстилната, кожна индустрија , како и други производни гранки кои имаат значителен удел во локалната економија |

<table>
<tr>
<td>

- Атрактивни локации за туризам Осоговските Планини (Калин Камен и Царев Врв) и Биљино
- Репрезентативни етно ресторани со богата гастрономска понуда на традиционална храна од локално производство, сместени во амбиентална рурална и чиста планинска средина
- Здрава храна-палнечки компир, градинарски и земјоделски производи, добиток(јагниња и телиња) одгледани во чиста еколошка средина
- Гасоводен систем низ територија на Општина Крива Паланка(поминува главна гасоводна мрежа)

</td>
<td>

- Недоволна искористеност на јавни објекти во општината (стари училишта, згради во останато стопанство, и др.)
- Недостиг од сместувачки капацитети
- Нерачистени имотно правни работи на поранешни деловни згради и спортски објект
- Недостаток од професионални кадри
- Неизградена гасоводна мрежа

</td>
</tr>
<tr>
<td>

<u>МОЖНОСТИ</u>

<u>OPPORTUNITIES</u>

- Постоење на финансиски институции кои кредитираат МСП и големи компании
- Постоење на активни мерки за вработување од АВРМ
- Интерес за искористување на постоечки објекти кои се во сопственост на општината
- Пристап до финасиски средства од ЕУ фондовите, домашни и странски донатори
- Растечки тренд на засилен интерес за рурален и активен планински туризам (Калин Камен)

</td>
<td>

<u>ЗАКАНИ</u>

<u>THREATS</u>

- Економска и енергетска криза
- Нестабилна политичка и безбедносна состојба во регионот и пошироко
- Забавен пристап кон ЕУ
- Значителен одлив на населнието , а со тоа и квалификуваниот кадар
- Намален наталитет
- Нефункционални (раситнети/запуштени) земјоделски површини
- Климатски промени и природни катастрофи

</td>
</tr>
</table>

## 5. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Во текот на процесот за изработка на Планот за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027, од страна на претставниците на заинтересираните страни беше дефинирана визијата од аспект на локалниот екононoмски развој:

**ВИЗИЈА**

***Крива Паланка е значаен транспортен и патнички коридор, економски развиена и просперитетна општина, препознатлива како атрактивна туристичка дестинација, со сопствено производство на еколошки здрава храна, традиција и културно богатство и ефикасна локална заедница во согласност со потребите на граѓаните.***

***<u>СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ</u>***

**<u>Стратешка цел 1:</u>Подршка на развојот на мали бизниси и претприемаштво**

**<u>Стратешка цел 2</u>:Повисока ефикасност во искористување на локалните ресурси за производство на еколошки здрава храна, развој на еко и гастрономски туризам**

**<u>Стратешка цел 3:</u>Развој на локалната инфраструктура за подобрување на бизнис климата**

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

| Структурни елементи (Градежни блокови) | Клучни/ Стратешки цели | Активности/ Проектни идеи | Времетраење (почеток / крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци МКД | Резултати (директни Outputs) | Мониторинг Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Вештини и човечки ресурси<br><br>2.Локална соработка и вмрежување | 1.Подршка на развојот на мали бизниси и претприемаштво | 1.1Организирање на обуки и семинари за претприемачи за бизнис вештини, менаџмент и финансии | 2024-2025 | Општина Крива Паланка,СИПР, и други институции | 50.000,00 | Организирани 3 обуки и 2 семинари за претприемачи | Број на организирани обуки, број на учесници |
| | | 1.2.Изработка на водич за инвестиции | 2024-2026 | Општина Крива Паланка | 100.000,00 | Изработен водич за инвестиции | Изработен водич на инвестици, број на испечатени примероци, електронски водич објавен на општинската страна |
| | | 1.3.Организирање на информативен настан за МСП за пристап до финансии | 2024-2025 | Општина Крива Паланка, Банки и други. | 70.000,00 | Организирани 2 информативни настани за МСП | Број на организирани информативни настани, број на учесници |
| | | 1.4.Поддршка на бизнис секторот за искористување на ЕУ-фондовите, ИПАРД програмата и други програми | 2024-2027 | Општина Крива Паланка,АФПЗР МЗШВ, Министерство за економија и други | 30.000,00 | Организирани 3 обуки и 2 инфо денови | Број на организирани обуки и инфо денови , Број на учесници |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.5.Поддршка за развојот на занаетчиските дејности и отварање на семејни бизниси | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Министерство за економија , АВРСМ и други | 100.000,00 | Организирани Зобуки за развој на знаетчиски дејности и основање и отварање на семејни бизниси | Број на организирани обуки, Број на учесници |
| | | 1.6.Поддршка на стартап компании и млади претприемачи | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Стопанска комора и други | 100.000,00 | Организирани 2 обуки | Број на организирани обуки, Број на учесници |
| | | 1.7.Организирање на средби со потенцијални инвеститори | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Стопанска комора, СИПР , АВРСМ и други | 60.000,00 | Организирани 4 средби со потенцијални инвеститори | Број на организирани средби, Број на учесници |
| 1.Надворешно позиционирање и маркетинг<br><br>2.Земјиште и инфраструктура | 2.Повисока ефикасност во искористување на локалните ресурси за производство на еколошки здрава храна, развој на еко и гастрономскиот туризам | 2.1.Изготвување на листа на локални производи за брендирање | 2024-2027 | Општина Крива Паланка | 40.000,00 | Изготвена листа на локални производи за брендирање | Број на локални производи за брендирање |
| | | 2.2.Организирање на информативни работилници за отпочнување на процес на брендирање на локални производи | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Министерства, и други организации | 50.000,00 | Золемено знаење на производителите за процесот на брендирање | Број на организирани работилници |
| | | 2.3.Реконструкција и преадаптација на стари училишни згради и други објекти во сопственост на општината за бизнис намена и во функција на туризмот | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, ИПА, и други донатори | 1.000.000,00 | Ревитализација на стари објекти | Број на ревитализиран и постоечки објекти |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.4.Уредување на функционален туристички-информативен центар | 2024-2027 | Општина Крива Паланка  и други донатори | 9.200.000,00 | Уреден туристички – информативен центар | Еден функционален туристичко информативен центар |
| | | 2.5.Организирање на обуки  за начините и можностите за еколошко и органско производство | 2024-2027 | Општина и други институции | 80.000,00 | Организирани 2обуки | Број на организирани обуки , Број на учесници |
| 1.Регулаторна и институционална рамка<br><br>2.Пристап до финасии | 3.Развој на локалната инфраструктура за подобрување на бизнис климата | 3.1Поддршка во посредување и обезбедување на потребни дозволи за домашни и странски инвеститори | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Министерства и др. | / | Брзо, ефикасно, транспарентно издавање на дозволи на домашни и странски инвеститори | x број на подобрени процедури<br>x број на потенцијални инвеститори |
| | | 3.2.Изработка на ДУП-ви за подобрување на локалниот економски развој | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Министерства и др. | 11.000.000,00 | Изработени ДУП | Број на изработени ДУП |
| | | 3.3.Изработка на урбанистичка планска документација за населени места – селски населби за подобрување на локалниот економски развој | 2024-2027 | Општина Крива Паланка,Министерства и др. | 4.000.000,00 | Изработена планска урбанистичка документација за населени места | Број на изработени урбанистички планови за населени места |
| | | 3.4. Изработка на техничка документација за патна  и комунална инфраструктура за поволна бизнис клима | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, Министерства и др. | 10.000.000,00 | Создавање на услови за подобрување на локалниот економски развој преку | Број на изработени технички документации |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | привлекување на инвеститори | |
| | | 3.5 Изградба на локална патна и комунална инфраструктура за поволна бизнис клима | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, АФПЗРР, БРР; МЛС, МЖСПП, ИПА, ИПАРД и др. | 70.000.000 | Создавање на услови за подобрување на локалниот економски развој преку привлекување на инвеститори | Број на реализирани проекти |
| | | 3.6.Стимулирање и поддршка на физички,правни лица и земјоделци за набавка на опрема и механизација за производство на разни производи | 2024-2027 | Општина Крива Паланка, ИПАРД, физички и правни лица, земјоделци | / | / | / |

## 7. МЕХАНИЗМИ ЗА МОНИТОРИНГ

За успешно следење и реализација на Планот за локален економски развој 2024-2027 на Општина Крива Паланка потребни се мониторинг, евалуација и имплементација на Акциискиот план кој ја прикажува општатата логика на предложените активности, временската рамка за нивна реализација, буџетот и одговорните страни.

Анализата и сумирањето на резултатите од мониторингот врз реализација на планот ќе се врши еднаш годишно.Координацијата ќе биде од страна на Општина Крива Паланка , каде ќе се прибираат податоците и извештаите за реализација на предложените проекти и активности според дефинираните индикатори.Извештајот за реализација на планот ќе се доставува и до Локалниот економски совет, како и до останатите засегнати страни од бизнис заедницата и јавниот сектор.

**Тим за изработка на Планот за локален економски развој на општина Крива Паланка**:

Општина Крива Паланка:

Валентина Ангеловска - Советник за локален економски развој и регионална соработка ;

Сашко Додевски - Виш соработник за планирање и следење на локален економски развој;

Претставник од граѓанскиот сектор:

Жаклина Цветковска – Здружение Регионален центар за соработка "СПЕКТАР" од Крива Паланка;

Претставници од бизнис секторот:

Мартин Ѓошевски – Осогово транспорт

Валентина С.Ѓорѓиев - АЛБА Конфекција